**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број. 09-680/2
20-12-2019 г..
Тетово

# ООУ„Беса“ с.Вешала- Тетово

Конечен извештај од извршена интегрална евалуација

| | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | Од 04,05,06-Декември 2019 година |
| **Број на извештај:** | 18-Полошки Регион /2019 год. |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Хисен Ибрахими |
| **Вид на училиштето:** | Основно |
| **Подрачни училишта** | 1 |
| **Основач на училиштето:** | Општина Тетово |
| **Наставен јазик:** | албански |
| **Број на ученици:** | 47 |
| **Полова структура на ученици:** | М-25, ж-22 |
| **Број на наставници:** | 24 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Рамиз Илјази |
| **Директор на училиштето:** | Шефајет Рамадани |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 27,28,и31 Октомври 2016 год. |
| **Адреса на училиштето:** | С.Вешале- општина Тетово |
| **Телефон:** | 070-759-737 |
| **Факс:** | Нема |
| **e-mail:** | Shkolla_besa@mail.net.mk |
| **Оценка ИЕ** | 2.43 делумно задоволува |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот сочленовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013 , 41/2014и 33/2015 I 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

## Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција од 04, 05, 06 Декември 2019 година, тим од државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ „Беса „с.Вешале,и подрачното училиште во с.Бозовце,општина Тетово.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„Беса„с.Вешале,и ПОУ с.Бозовце,општина Тетово, е 2,43 делумно задоволува[1]

Воспитно образовната работа во ООУ„Беса„-с.Вешале, и наведеното подрачно училиште се остварува според наставни планови и програми за основното образование. Наставата се реализира на албански наставен јазик, и двете училишта рботат во една смена.

Реализацијата на наставните планови и програми е добра.Отстапување во реализација на наставните програми има по предметот физичко и задравствено образование,поради необезбедени услови за реализација на наставата,немање спортски терени поради конфигурација на теренот каде се лоцирани училишните објекти и немање на спортска сала.

Училиштето има изработено брошура која им се доставува на учениците и родителите со цел на запознавање на учениците и родителите со наставниот план односно списокот на задолжителните и изборни предмети кои се изучуваат во училиштето.

При избор на изборните предмети од наставниот план не се земаат во предвид интересите на учениците туке изборот на изборните предмети се користи за дополнување на фондот на часови на повеќето од наставниците.

Училиштето има изготвено Програма за мултиетничка интеграција во образованието,и договор за партнертво во рамките на проектот со ООУ„Гоце Делчев„с.Велуша, општина Струмица.Во годишните планирања наставниците имаат планирани содржини со кои се третира мултикултуралната сензитивност најчесто во општествените предмети.

Слободните ученички активности во училиштето делумно ги задоволуваат потребите и интересите на учениците а се планираат од наставници кои се задолжени според наставниот план и Годишната програма за работа на училиштето. Нема примери за учество и постигнати добри резултати на училишни,општински, регионални и државни натпревари.

Училиштето не прави споредбени анализи за подолг временски рок.Реализацијата на наставата е делумно задоволува.

Сите наставници на почетокот на наставната година изготвиле глобални ,тематски процесни планирања и истите ги доставиле до директорот односно стручната служба.

Најголем број наставници во редовната настава обезбедуваат поддршка за учениците кои имаат тешкотии во учењето, како и на ученици кои покажуваат поголем интерес во наставата, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите наставни предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето.

Оперативните планирања за наставен час даваат само општи или некомплетни насоки што се очекува учениците да научат. Кај најголем број наставници, во

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

планирањата се сретнуваат елементи кои не одговараат на планираните активности или планираните форми а методите и техники се еднообразни за повеќе типови на час.

Училиштето има изготвено распоред на часови според просторните капацитети и кадровските можности.Во склоп на распоредот на часови планирани се и останатите активности на додатна,дополнителна настава како и слободните ученички активности и други активности. Во наставниот процес, мал број од наставниците користат разновидни форми и методи кои не секогаш соодветствуваат на потребите на учениците и не ги опфаќаат сите стилови на учење. Голем број наставници главно користат исти приоди за сите ученици што не придонесува за развивање на индивидалните способности за учење на секој ученик, критичкото мислење, креативноста, преземање на одговорност и решавање проблеми.Кај најголем број наставници, интеракција наставник – ученик е добра, а заостанува интеракцијата ученик-ученик. Примена на ИКТ во наставата задоволува. Училиштето нема интерна процедура за следење на наставниот процес од страна на директорот и стручната служба.

Како потешкотија во реализацијата на наставата се наведува дека поголемиот дел од учебниците се оштетени од причина што истите се користат повеќе години и дека одрдени учебници во училиштето се доставуваат со големо задоцнување.Оценувањето се врши врз основа на стандарди и критериуми за оценување изготвени по секој наставен предмет со кои учениците и родителите се запознаени. Поголем број наставници не ги вклучуваат учениците во оценувањето.

Еко проектот се реализира континуирано според планираните активности и динамика а вклученоста на учениците е голема.

Училишниот простор и околината на училиштето не се доволно безбедни,недоволно оградени,поради конфигурацијата на теренот

Училиштето има обезбедено наставен кадар.Дел од предметите и одрдеден дел од часовите се застапени со несоодветен кадарар.Ваквата состојба со наставниот кадар е од причина што на огласи не се јавуваат наставници кои ги исполнуваат условите.

Севкупната грижа за учениците и хигиената во училиштето е добра. Училиштето има план за постапување при елементарни непогоди. Училиштето води добра политика и превзема активности за ненасилство. Се реализираат активности за информирање на учениците за можностите за понатамошно образование, односно определбата за нивната идна професија.

Училишниот одбор работи во полн состав, транспарентно за заинтересираните структури во училиштето, со обезбеден кворум за работа и донесување на одлуки. УО има програмата и деловникот за работа, и е формиран согласно новиот Закон за основно образование.

Соработката на училиштето со локалната заедница е во рамки на законските обврски и тоа во поглед на усвојување на годишниот извештај и донесување на годишната програма за работа на училиштето истотака соработката се реализира преку организираните приредби, манифестации и други активности.Училишниот одбор, директорот и стручниот соработник, се трудаат да се однесуваат одговорно кон задачите што произлегуваат од Годишната програма за работа и другите придружни документи.

Директорот работи на идентификација на состојбите на кои повеќе им треба подобрување,покажува доволно ниво на енергија за отстранување на недостатоци и е отворен и спремен засоработка се со цел подигнување на квалитетот на наставата.

Училиштето работи согласно Законот за основно образование и Годишната програма за работа за учебната 2019/20 год.Годишната програма за работа бр.08-9905/23 од 26.09.2016 год. Усвоена од страна на Советотот на општина Тетово.

Училиштето има доставено барање до МОН за Статут на училиштето со бр.0302-138/2 од 21-06-2019 год.)за кој не е добиен согласност од МОН.

Училиштето има изготвено самоевалуација бр.0302-36/2 од 02-04-2019 год и Програма за развој бр. 0302-90/1 од 17-04-2019 год.

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Основното училиште „Беса"-с.Вешале и ОПУ с.Бозовце,одалечени се 25 км.од општина Тетово, лоцирани во с.Вешале односно с.Бозовце.

Дејноста на училиштето е основно образование,верифицирано со Решение бр10-1538/3 од 08.06.2000 год.на МОН-Скопје.со опфат на ученици од 06 до 15 годишна возраст,односно,опфат на учениците од селото Вешале и с.Бозовце, од I-IX одделение.

Училиштето е основано со акт.бр.23-2392/1 од 28.09.1998 год и е регистрирана во централниот регистар бр.1/98.28.09.1998 год.

Наставата се реализира на албански наставен јазик, и работи во една смена.

Учебната 2019/20 год.во ОУ„Беса„с.Вешале и ПОУ с.Бозовце, настава следат вкупно 47 ученици распоредени во 9 паралелки во централното училиште и 9 паралелки во подрачното училиште во с.Бозовце. Дејноста се реализира во сопствен училишен објект. Училишните згради се во релативно добра состојба.

Во централното основно училиштево с.Вешале,наставата се реализира во училишен објект со приземје и сутерен.Во приземјето има 3 училници,1 кабинет по информатика, канцеларии за наставниците,за директорот и канцеларија за секретарот.Во сутеренот има 5 училници,2 тоалети и простории за сместување на огревот.Состојбата на училишниот објект(ентериер и екстериер) е добра,бидејќи објектот е изграден во поново време.Училишниот двор поради конфигурација на теренот(ридско планински) е неограден и хортикултурно неуреден.

Во ПОУ во с.Бозовце наставата се реализира во училишен објект изграден во 2002година,со донација на Федералната Република на Германија(ЦИМИЦ),во кој има 4 училници,1 канцеларија и ВЦ простории.Внатрешната и надворешната состојба на училишниот објект е добра и добро одржувана.До наведениот објект постои уште еден помал училишен објект во кој има 1 училница и 1 просторија-кабинет по информатика.Овој училишен објект е изграден со донација на еден жител од селото.Сутеренот на овој објект е во владение на месната заедница но се употребува и од страна на училиштето како сала за приредби.Училишниот двор е ограден но,потребно е да се уреди хортикултурно.Училишниоте објект имаат обезбеден струја и вода и еден вид канализација

Последните години подобрена е инфраструктурата во училишниот објект. .

Училиштето има изготвено Годишна програма за работа и истата е усвоена од Советот на општина Тетово,истата е изготвена согласно Основите на планирањето на содржините и организација на воспитна образовната работа во основното образование .

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

ООУ „Беса„с.Вешале,и подрачното училиште во с.Бозовце, Општина Тетово, реализираат наставни планови и програми донесени од страна на Министерство за образование и наука.

Реализацијата на наставните планови и програми е добра.Отстапување во реализација на наставните програми има по предметот физичко и задравствено образование,поради необезбедени услови за реализација на наставата,немање спортски терени поради конфигурација на теренот каде се лоцирани училишните објекти и немање на сали.

Наставниците своите глобални тематски и дневните оперативни планирања за соодветните предмети ги изготвуваат врз основа на програмите доставени од Министерство за образование и наука.

Училиштето има изработено програма за меѓуетничка интеграција со планирани активности со партнер училиште ООУ„Гоце Делчев„с.Велуша, Општина Струмица.Планирањата на наставниците содржаат елементи од Програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“,активности за меѓуетничката интеграција и активности од инклузијата. Наставниците делумно ги прилагодуваат наставните програми и содржини за потребите на локалната средина единствено преку одбележување на значајни датуми, прослави, посети на саеми и др.

Во училиштето постои соработка помеѓу активите од сродните предмети за изготвување на глобалните и тематските планирања.Стручните активи во училиштето функционираат и за одделенска и за предметна настава.Соработката помеѓу активите е на задоволително ниво а добра е и соработката со сите други органи во училиштето.

Изборните предмети во училиштето се изучуваат според наставниот план.При избор на изборните предмети од наставниот план не се земаат во предвид интересите на учениците туке изборот на изборните предмети се користи за дополнување на фондот на часови на повеќето од наставниците.Ученици со посебни образовни потреби (со потребна документација),не се евидентирани.Во училиштето постепено се настојува да се воведат нови форми за реализација на наставата.

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Постои соработка помеѓу активите во училиштето за подготвување на глобалните,тематските и оперативниот план на наставниците,со цел за поквалитетно планирање и задоволување на потребите на учениците и барањата на Законот за основно образование.

Учениците со наставни планови и прогрми се запознаваат преку брошура изготвена од училиштето,од класните раководители, односно од наставниците на соодветните предмети, на почеток на учебната година и во текот на годината, преку училишен одбор, и преку електронска форма.Родителите со наставните планови и програми се запознаваат преку брошурите и претежно преку организирани родителски средби, преку претставниците на родителите кои се во училишен одбор и преку индивидуални средби со наставниците и класните раководители. Училиштето прави напори за подобрување на квалитетот на наставата. Во таа насока е видлива активноста на директорот на училиштето за обезбедување на соодветен наставен кадар за сите предмети.

И покрај евидентираните семинари на кои учествувале наставниците, преовладува мислењето дека потребно е да се организираат семинари за поквалитетно планирање и обука за примена на современи методи и техники во реализацијата на содржините од наставните програми.

Влијанието на наставниците и на родителите во интегрирањето на еколошката програмата во годишната програма за работа на училиштето е добра.

## 1.3. Вonнаставни активности

Училиштето планира,но делумно ги реализира планираните воннаставни активности што служат за подршка на личниот и социјалниот развој на учениците. Слободни ученички активности,општествено корисна работа, заштита и унапредување на здравјето на учениците и културата на живеењето,активности против дрога алкохол и наркоманија , се застапени во содржините на Годишната програма за учебната 2019/20 година.

Преку овие активности, истакнуваат во училиштето, учениците имаат можност за одговорно прифаќање на разликите на другите,полот, способноста, и социјалната припадност и истите потикнуваат позитивен став кон наставните предмети, учењето и наставата воопшто.

Во Годишната програма за работа на училиштето за 2019/20 год. се планирани да се реализираат слободни ученички активности за одделенска и предметна настава,одредени се кои наставници ќе раководат со одредена секција. Преку реализација на овие активности се нуди широка можност за вклучување на ученици од различен пол и со различни способности.Училиштето се судрува со проблеми во врска со реализацијата на воннаставни активности.Одредени проблеми се од објективна природа, како на пример преоптовареноста на учениците со редовната настава од една страна, и немањето на соодветни просторни услови за реализација на одредени слободни ученички активности (фискултурна сала).

Во училиштето нема регистрирано училишен спортски клуб.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1.Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по класификациони периоди и по сите наставни предмети.Во училиште вкупно има запишани 47 ученици. Постигањата на учениците се следат преку подготвување периодични,полугодишни и годишни извештаи. Во извештаите има показатели за постигањата на учениците за учебна година, по паралелки,по пол, за централното и за подрачното училиште.Училиштето нема показатели за постигањата на учениците по предмети и по сите периоди на учебната година. Постигањата на учениците се добри.Среден успех на училиштето според учебни години е како следи:

Во учебна 2016/17 година среден успех на училиштето е 3.49, во учебна 2017/18 година среден успех на училиштето е 3.90, и средн успех на училиштето е 4.07

Училиштето не прави анализи споредбени анализи за подолг временски рок,истотака училиштето не прави споредбени анализи за постигањата на учениците за добиените од претходните години со добиените оценки од наставникот.

Училиштето ги идентификува учениците кои имаат потешкотии во учењето, додека ученици со посебни потреби со соодветна докумнтација од страна на соодветни лекарски комисии не се водаат во училиштето.Училиштето има формирано инклузивен тим. Постигањата на овие ученици се следаат од страна од наставници училишниот псилолог, нивниот напредок се следи во континуитет.Училиштето ги следи постигнувањата на учениците по учебни години и од еден во друг циклус но не се превземени доволни активности за надминување на разликите што се појавуваат во таквите ситуации.

Училиштето има изготвено Програма за мултиетничка интеграција во образованието,и договор за партнертво во рамките на проектот со ООУ„Гоце Делчев„с.Велуша, општина Струмица.

Во Годишната програма за меѓуетничката интеграција во 2016/2017 год.има зацртани конкретни активности и се формирани следните секции:Ликовно-заедно цртаме,Заедно спортување,еколошки активности.Истотака училиштето со годишната програма предвидела и посета на верски објекти.Во годишните планирања наставниците имаат вметнато содржини со кои се третира мултикултуралната сензитивност најчесто во општествените предмети.За реализација на програмата не се обезбедени финансиски стрества од страна на соодветните служби при општина Тетово.

## 2.2. Задржување, осипување на учениците

Опфатот на учениците е според утврдената реонизација, што значи се опфатени сите ученици обврзници кои припаѓат на реонотна училиштето од с.Вешале и с.Бозовце.Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. Се следи осипувањето на учениците во училиштето, за кое стручната служба има податоци и според нивна анализа, тоа се должи поради промена на местото на живеење со одењето на родителите во странство на привремена работа .

Училиштето прибира податоци за одсуства на ученици (бројот на неоправдани и оправдани изостаноци), активностите што ги превзема за намалување на бројот на изостаноци се засновани на анализи и значително придонесуваат за зголемување на редовноста.Во дневници нема податоци за одсуство на ученици (бидејќи има мал број на ученици во една паралелка по еден или двајца ученици во една паралелка).

Во педагошката евиденција уредно се евидентирани ова категорија на ученици. Сите ученици кои се запишани ја завршуват наставната година.Училиштето води грижа и за своите ученици кои се запишуваат во средното задолжително образование.

Во последните години сите ученици кои го завршуваат основното образование се запишуваат во задолжителното средно образование.

За учениците кои се нередовни и имаат повеќе слаби оценки стручниот соработник организира советувања на родителите и истите покажуваат големи ефекти во редовноста на учениците и зголемување и подобрување на успехот.Сите ученици се оценети со примерно поведение.

## 2.3. Повторување на учениците

Според статистиките податоци односно Годишните извештаи за работата на училиштетонема ученици кои ја повториле годината.Училиштето има утврдени процедури,се превземаат активности од самиот почеток на учебната година, преку дополнителната настава,и други активности  со цел на подобри постигања на учениците.

Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор доколку има незадоволсво од постигнатиот успех на крајот на наставната година.Од страна на стручната служба немаподатоци за советување на родители од причина што нема ученици со слаб успех, нема ученици со голем број на изостаноци, и нема ученици со девијантни однесувања.Вкупен број на ученици во училиште се 47 ученици.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирање на наставниците

Планирањата на наставниците (глобалните,тематско процесните и оперативни планирања за наставен час)делумно задоволуваат.На почетокот на учебната 2019/20 година, сите наставници изготвиле и доставиле,годишни,глобални и тематски планирања.Помал дел од планирањата на наставниците ги содржаат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот.Дневните планирања на наставниците делумно задоволуваат,(посетените наставни часови), дел на наставниците (одделенска настава и предметна настава) во денвните планирања јасно се дефинирани целите на наставата, очекуваните резултати од учењето, начинот на оценувањето,информациите од оценувањето се користат за да ги идентификуваат потребите на учениците со цел на плнирање на следни чекори за постигнување на подобри резултати во наставата. Најголемиот број од наставници кои се задолжени да реализираат и други видови на настава (дополнителна,додатна настава и други активности) имаат изготвено програма за истите и истата уредено се евидентира во одделенските дневници.Планирањата на наставниците се следат од раководниот тим во училиштето. Училиштето нема утврдено пропишана процедура за следење на планирањата на наставниците.При изготвувањетоиизработка на планирањата,наставниците делумно разменувале искуства преку работата на стручните активи.

Училиштето има изготвено распоред на часови според просторните капацитети и кадровските можности.Во склоп на распоредот на часови има и распоредот на останатите активности на додатна дополнителна настава како и слободните ученички активности и други активности. Поголем дел на наставниците во одделенските дневници ги евидентирата дополнителната и додатната настава и другите активности. Другиот вид на настава и другите активности се реализираат со потешкотии поради преотовареност на наставниот план и програма и недоволниот училишен просторо.

Добра е поддршката што училиштето им ја дава на наставниците во однос на новините во образованието (МИО, ЕКО, Кембриџ, инклузивно итн.)

## 3.2. Наставен процес

Во ОУ„Беса„с.Вешале,и ПОУ с.Бозовце,наставата се изведува на албански наставен јазик и истата делумно задоволува.Редовната настава се реализира според наставниот план. Во училиштето се изучуваат и изборни предмети согласно Наставниот план. Од посетените часови се констатира дека мал број на наставниците се трудат да користат разновидни наставни методии техники (работа во групи, предавања, индивидуална работа, практични активности, наставни ливчиња , самооценување), но истите не секогаш се соодветни за постигање на наставните цели.Наставниците реализираат традиционална настава.На дел од наставниците потребно е да им се овозможи дополнителна помош и поддршка за да користената форма или техника за реализација на наставата им донесе резултат во наставата.Дел од часовите од одрдени предмети се покриени со несоодветен наставен кадар.Сите наставници се соодветни но предават и несоодветни часови бидејќи училиштето има мал број на ученици, вкупно 47 ученика.

Наставници не секогаш рамноправно ги вклучуваат учениците во активностите на часот. Се работи само со подобрите ученици. Многу мал број наставници ги земаат предвид индивидуалните потреби на учениците, даваат различни задачи и активности за различни групи ученици. Неаднаквата ангажираност на учениците кај некои наставници за време на наставниот процес доведува до состојба наставникот да нема контрола на часот. Дел од учениците сметаат дека ако повеќе бидат ангажирани сите ученици во активностите , дисциплината би била поголема.

Училиштето располга со определен број на наставни средства и помагала , но не сите наставници ги користат за реализација на наставата. Во училиштето се користат одобрени учебници и дополнителна прирачна литература.

Наставниот процес од страна на директорот и стручниот соработник повремено се следи,нема утврдена постапка за следње на наставниот процес.

Интеракцијата во наставата е добра цо наставник-ученик но заостанува интеракција ученик –ученик. Во одредени пералелки има само еден ученик.Наставниците работат со учениците индивидуално или со цела паралелка методите и формите кои ги користат во поголемиот дел се соодветно избрани

Од проектот на Владата на РМ, „Компјутер за секој ученик“училиштето ги има добиено компјутерите,истите се поставени и се во употреба.Истотака училиштето има добиени и потребен број на лап-топ компјутери за наставниците кои им се доделени на наставниците истите ги употребуваат за потребите на наставата.
Поголемиот дел од наставниците посетиле обука со цел, примена на ИКТ во наставата односно едубунду и толкит и други обуки,извршена е десиминација на обуките.

Училиштето има изготвено Програма за„ интеграција на еколошкото образование во образовниот систем на Македонија„Во програмата се планирани активности според еко стандардите.Влијанието на наставниците, родителите и социјалните партнери во интегрирањето на еколошката програмата во годишната програма за работа на училиштето е добра

## 3.3. Искуство на учениците од учењето

Средината за учење во централното и во подрачното училиште добра.Учениците сметаат дека во училиштето има училници-кабинети и други простории што потикнуваат интерес за учење. Трудовите на учениците се изложуваат се внимава на видливоста и пристапоста на местото каде се изложени на целта на изложувањето и естетиката.

Учениците сметаат дека само понекогаш се учи на интересен начин и дека не секогаш е поврзано со практиката односно секојдневието.Недоволно се охрабруваат учениците самостојно да мислаат,да поставуваат прашања и да извлекуваат заклучоци за она што го учат.

Учениците сметаат дека, дел од наставниците понекогаш им даваат можност самостојно да размислуваат и да го кажаат своето мислење и преземаат одговорност. Мал број ученици сметаат дека им се овозможува да работат со сопствено темпо соодветно на нивниот стил за учење и самостојна работа.

## 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Идентификувањето на образовните потреби на учениците во училиштето делумно задоволува. Потребите на учениците се идентификуваат од страна на одделенските раководители, стручниот соработник, како и останатите наставници, не секогаш се преземаат доволно активности за успешно реализирање на нивните потреби.

Поголем број на наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и предавање и организираат додатнаи дополнителна настава. Од анкетата спроведена меѓу учениците поголемиот број од нив се изјаснија дека активно учествуувaат во вонннаставни активности и секции што ги организира училиштето.Не секогаш се изготвуваат задачи по тежински нивоа според образовните потреби на учениците,

Училиштето нема систем за идентификување на талентирани и надарените ученици.Со мал број се работи индивидуално, најчесто пред одржување на натпревари и други оранизирани манифестаци, не се работи континуирано во текот на цела година.

## 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Оценувањето во ООУ„Беса"с.Вешале и подрачното училиште е добра.Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците од прво до трето и од четврто до девето одделение.Учениците се запознаени со критериумите за оценување, истата состојба е и со родителите. Поголем број од наставниците користат различни инструменти и методи за оценување и се вршиконтинуирано оценување,редовно се прибираат информации за постигањето на учениците.Наставниците понекогаш со учениците го дискутираат нивниот напредик и постигањата,но не секогаш им даваат повратна информација.Не секогаш повратната информација ги содржи деталите за постигањата и за следните активности што треба да се преземат.

Помал дел од наставниците недоволно ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.Стручната служба понекогаш организира работилници во врска со оценувањето на постигањата на учениците,како да се учи подобро,работилници во врска со домашните задачи и советувања на родителите чии деца покажуваат послаби резултати во учењето и поголем број на изостаноци.

## 3.6. Известување за напредокот на учениците

Известувањето за напредокот на учениците е добра.Од анкетата спроведена меѓу родителите најголемиот број од нив истакнаа дека наставниот кадар односно одделенскиот раководител редовно им ги кажува добрите страни за нивното дете и каде треба да се подобри. Известувањето на родителите за напредокот на нивните деца се прави преку родителски средби и на индивидуални средби. Најголем број од родителите истакнаа дека родителските средби се добро организирани и за време на нив добивам корисни информации. Нема определено приемни денови.

Родителите се информирани како да комуницираат со училиштето во однос на напредокот на нивните деца,но не се поткнати да го прават тоа.Родителите добиваат пишани извештаи со оценки на евидентните листови.Од родителите се бара да дадат повратна информација по извештајот.

Во училиштето редовно и уредно се води е-дневник од страна на наставниците.Родителите добиваат известувањето за нивните деца и преку е-дневникот.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4. 1. Севкупна грижа за учениците

Просториите во училиштето-централното и подрачното училиште се безбедни за изведување на воспитно-образовниот процес. Инфраструктурата во училиштето мебел, подови, прозори, струјните елементи, дворот и др. се безбедни и не претставуваат опасност од повреди за учениците. Училиштето има осигурителни полиси за осигурување за учениците и за вработените од ,,Триглав,, осигурителна компанија и истата е со важност до 21.12.2019 год. додека училишните објекти не се осигурани. Во училиштето постои дежурство од страна на наставниот кадар и учениците а има и поставено видео камера. За постапување при елементарни непогоди училиштето има интерен акт и упатство за постапување во такви ситуации има план за евакуација, но нема изведено симулации за постапување во случај на елементарна непогода или друг вид на непогоди.

Училиштето нема истакнато соопштенија и предупредувања на видни места за постапување во вакви ситуации. Од наставниот кадар нема наставник кој има завршено обука за давање на прва помош.Во училиштето, е забранет секаков вид на психичко и физичко малтретирање на ученици или било каков вид на нетрпение. Во училиштето постои Кодекс на однесување на учениците и на останатите структури во училиштето, и истиот е истакнат на соодветни места. Класните раководители имаат изготвено план со содржини за взаемно почитување и рамноправност на половите, како и план за штетното влијание на наркотични супстанци како што се пушење,алкохолизам,наркоманија и истите се забранети за внесување и употреба во училиштето. За ова посебно е задолжен стручниот соработник-психолог но и сите вработени наставници.

Во училиштето има знаци за забрана на пушење и забраната се почитува. Училиштето нема училишна кујна и нема организирана исхрана на учениците и учениците носат храна од дома.Во училиштето има ученици од социјално загрозени семејства. Има случаеви каде се потребни дополнителни вложувања во наставните и вон наставните активности, и за нив се обезбедува финансиска подршка од месното население како доброволни донации.

Училиштето има вкупно обезбедено 2 ПП апарати и за централниот училишен објект и за подрачното училиште и истите се сервисирани на 2.10.2019 год. Училиштето нема пристапна рампа за влез за лица со хендикеп.

## 4.2. Здравје

Хигиената во централното и подрачното училиште е на задоволително ниво. Ходниците и санитарните простории се чистат повеќе пати во денот додека прозорите вратите и мебелот по ретко. Дворот на училишните објекти во централното и подрачните училиишта се чисти но не доволно холтикултурно уредени . Во секоја училница, ходниците и дворот има корпи од секаков вид на отпадоци. На почетокот на учебната година извршена е дезинфекција, дератизација и дезинсекција на училишниот простор. Училиштето постапува по препораките и насоките на санитерната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести.

Во училиштето се извршени редовни систематски прегледи за учениците а за вработените во ПЗУ,, Натура Медика,, од с. Џепчишите на 10.10.2018 год.Се организираат предавања за заштита од заразни болести, како и превентива против можни хронични или друг и заболувања.

## 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето преку стручните соработници и одделенските раководители им даваат информации на учениците за нивната професионална ориентација односно нивното понатамошно образование. Училиштето планира и организира активности од таков вид во соработка со средните училишта од регионот.

Психологот изработува програма за работа, во која се предвидува подршка во социјалната, когнитивната и емотивната сфера.

## 4.4. Следење на напредокот

Класните раководители и наставниците водат уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението за секој ученик посебно и за пралелката како целина. Наставниот кадар покрај дневникот за евиденација на наставата води и е-дневник. Класните раководители постигнувањата на учениците ги евидентираат во дневникот на паралелката, е-дневникот,евидентни листови, и главните книги. Постои добра соработка помеѓу одделенските раководители,психологот и директорот на училиштето. Во поголемиот број случаи интересот на родителите за постигањата учениците е на задоволително ниво.

Во училиштето постојат тромесечни, полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците. Извештаите се достапни на увид на стручниот соработнк, директорот на училиштето, наставниот кадар во училиштето, родителите и учениците и истите се користат за подобрување на успехот на учениците.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето.

Училишната клима и односите во училиштето е добра. Односот меѓу учениците е на задоволително ниво и се базира на взаемно почитување и помагање, почитувањето меѓу учениците од ист и од различен пол, од различно потекло,различен социјален статус.Односот меѓу наставниците и учениците или поточно релацијата наставник-ученик, ученик-наставник, наставник- родител, родител-наставник, и наставник -наставник се почитуваат .

Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата припадност и мултикултурализмот и има подеднаков третман на учениците со различни способности. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, посветени се на целите, се грижат за неговиот углед

Поголем број од наставниот кадар ужива почит кај родителите, што го потврдиле во анкетите и за што се изјасниле најголем број на анкетираните ученици и родители. Училиштето има Куќен ред и Кодекс на однесување. Во нив се поставени принципите и правилата на однесување и истите се почитуваат,има пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата од Кодексите. Наставниците се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, како и создавање на добра атмосфера за работа за време на наставата и воннаставните активности.Поведението на учениците споредбено за три години е примерно. Дисциплината на учениците во училиштето е добра, во поедини случаеви училиштето презема педагошки мерки за нередовноста на учениците и непримерно однесување за време на наставата.

Според планот на активности за реализација на еко стандардите, учениците се вклучени во реализација на точките на акција од еко-стандардите кои се однесуваат на чистење и одржување на училишната зграда и дворот, во собирањето и селектирањето на сметот, заштедата на електричната енергија, водата и друго. Исто така, учениците се вклучени во реализирање на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието со партнер училиште ООУ "Гоце Делчев" –Струмица ,но во изминатиот период нема остварено некои активности.

Училиштето има формирано ученичкапарламент ,но таа малку придонесува за решавање на проблемите и донесување на одлуки што се од непосреден интерес за учениците.Училиштето е отворено за соработка со локалната власт, со родителите, кои го посетуваат училиштето.Во училиштето постои соработка меѓу вработените ,учениците и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес.

## 5.2 Промовирање на постигањата

На постигањата на учениците се посветува внимание.На наставнички ,одделенски совет, родителски средби и патрониот празник се промовират личните постигања на ученици (доделување на пофалби за учество на натпревари).Училиштето нема традиција за промовирање на ученик на годината .

Постигањата на учениците односно добиените пофалби и награди се поставени на видно место во училиштето со цел сите да бидат запознаети.

Училиштето не превзема доволен број на активности за информирање и вклучување на поширокaта заедница на реализација на еколошката програма.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето се запознати со правата на децата и можат да препознаваат случаи на нивно нарушување. Училиштето ги запознава учениците со нивните права и се залага да обезбеди еднакви услови за учење и за реализација на воспитно-образовниот процес .Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи.

Училиштето има еднаков третман кон сите ученици. Во училиштето во разни активности се вклучуваат сите ученици. Училиштето не прави разлики по ученици и по оделенија , по социјална припадност туку сите заедно еднакви се чувствуваат во сите активности што ги организира училиштето.

Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во државата ,без оглед на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.

## 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната заедница

Соработката на училиштето со родителите и локалната заедница е добра.Родителите учествуваат во работата на органите на училиштето преку Совет на родители, преку Училишниот одбор.Има примери на вклученост на родителите преку организирани собирни акции и работилници.

Соработката со родителите се реализира преку разговори со класните родители на најмалку две родителски средби во едно полугодие а има и примери на закажани индивидуални родителски средби.Родителите преку класните раководители, класните совети, индивидуалните средби,е-дневник, и сл. редовно се информирани за состојбата на училиштето, учениците , успехот за нивните деца и сл.Училиштето има соработка со локалната заедница, преку нивните претставници (во Училишниот одбор има еден член од локалната заедница ) кои ги пренесуват ставовите на училиштето до локална заедница и обратно.

Соработка на училиштето со родителите, локалната и деловната заедница, невладиниот сектор и медиумите со вклучување на нивни претставници како активни учесници во реализација на еколошката програма делумно задоволува.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1. Просторни капацитети

Дејноста на училиштето ,како во централното така и во едното подрачно училиште ,се реализира во 2 училишни згради од тврд материјал кои добро се оджуваат.
Во централното училиште во с.Вешала вкупната површина на училишен двор изнесува 2000 м2 со спортски терени за одбојка и фудбал со пшовршина од 150м2.Училишниата зграда е на 2 спрата со пвршина од 800 м2 Училиштето е обезбедено со парно греење на пелети а има и резервни грејни тела на дрва во секоја училница.Во училиштето има и агрегат за произведување на електрична струја.

Во подрачното училиште во с.Бозовце ,вкупната површина на училишниот објект изнесува 209 м2 и училишен двор со површина од 200 м2. Училиштето е обезбедено со парно греење со пелети и со грејни тела на дрва.
Санитарните јазли со кои располага училиштето,во централното и во подрачното училиште се во добра состојба и хигиената добро се одржува.. Училишните објекти се приклучени на електрична прежа,водоводна мрежа и канализација. Во однос на безбедноста на вработените и учениците,сите три училишни објекти претставуват безбеден работен амбиент со има громобранска инсталација, 1 хидранти и 2 ПП апарати сервисирани на 2.10.2019 година. Училиштето има План за евакуација во случај на елементарна непогода,но нема извршено симулација за постапување при елементарна непогода.Училишниот простор односно,училничкиот простор, ги исполнува условите за изведување настава според пропишаните стадарди .
Користејќи ги расположивите просторни капацитети,училиштето постигнува да ги реализира наставните и вонннаставните активности ,освен по преметот физичко и здраствено образование бидејќи училиштето нема спортска сала.

Просторниот капацитет овозможува реализација на точките на акција опфатени со Еко-проектот. Активностите во поглед на воспоставените стандарди се спроведуваат согласно планираната динамика за реализација на Еко-проектот.

## 6.2. Наставни средства и материјали

Со наставни нагледни средства и други технички помагала училиштето делумно ги исполнува потребите,иако секоја година се прави план за опремување..
За исполнување на потребите за наставни средства и помагала,училиштето има план за обезбедување на нагледни средства, но нема можност за нивно континуирано обновување. Секоја година се прават напори за нови набавки според финансиските можности. Од наставни помагала училиштето располага со 1 ЛЦД проектори,1 паметна табла и 10 работни места на компјутери во кабинетот по информатика ,модели за предметот биологија географски карти и спотски реквизити. Повеќето од нив се застарени или оштетени.

Библиотеката во училиштето нема а 180 лектирни изданија на албански наставен јазик се сместена во просторијата на стручниот соработник. Во училиштето нема библиотекар и библиотечната евиденција се води во инвентарна книга и тетратка од страна на наставник по албански јазик .

Потребните потрошни материјали за реализација на наставните и вонннаставните активности училиштето уредно и во доволна мера ги набавува иако има ограничени финансиски можности. Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал се врши тековно според потребите со договорни постапки.

## 6.3. Обезбедување на потребен кадар

Дејноста на училиштето се реализира согласно Настанитте планови и програми кои се реализираат од страна на наставницикои за поголем број на предмети не се со соодветни професионални компетенции (во училиштео има и 1 приправник).Во реализацијата на наставата се вклучени 24наставници од кои 19 мажи и 5 жени, училишен психолог и директор. Од наставниците 19се вработени на неопределено работно време и 5 на определено време. По вид на образование,9 наставници се со више образобвание, 14 наставника се со високо образованиеи еден наставник со завршени магистерски студии .Наставен кадар со работен стаж до 10 години има 7,од 11 до 20 години има4 наставници, од 21 до 30 години има8 наставници и над 31 година работен стаж имаат 5 наставника. По етничка припадност ,сите наставници се со албанска национална припадност.При изборот на наставниот кадар не е констатирана родова или друга дискриминација.

Само 2 наставника поседуваат стручна подготовка согласно одредбите од Законот за основно образование и Нормативите за наставен кадар, а останатите 22 наставници за дел од предметитепоседуваат стручна подготовка согласно одредбите од Законот за основно образование и Нормативите за наставен кадар а за дел немаа соодветна стручна подготовка . Наставниот кадар континуирано стручно се усовршува во рамки на обуките на МОН и БРО. Во училиштето нема наставници кои се специјализирани за работа со деца со посебни образовни потреби, а во училиштето нема ученици со посебни образовни потреби но има 4 ученици со потешкотии.

Реализацијата на распоредот за работното време се следи од страна на директорот на училиштето.Вработените го почитуваат работното време. Во случај на отсуство на некој наставник се наоѓа соодветна замена или се менува распоредот за пополнување на празните часови.

За стручна подршка на наставниците во училиштето има вработен стручен соработник (психолог) кои ,врз основа на неговата програма за работа која е во состав на Годишната програма на училиштето, континуирано на наставниците им овозможува административно-стручна и советодавна подршка. Исто така, стручниот соработник советодавно работи со учениците и родителите.

Наставниците и стручниот соработник на училиштето се вклучени и во реализација на еколошката програма/ Еко-проектот и поголем дел од наставниците во своето планирање има еколошка програма и еко-содржини.

## 6.4. Кадар и следење на развојните потреби на кадарот

Во текот на наставната година директорот и стручниот соработник ја следат работата на наставниците преку нивните посети на часови и други планирани активности и наставницте се посетени најмалку еднаш во годината.При тоа се врши и идентификување на потребите на наставниците за стручно усовршување . Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.

Наставниците укажуваат на потребата за учество повеќе обуки кои ќе соодветствуваат на нивните потреби за стручно усовршување и кои ги реализираат акредитирани организации и Бирото за развој на образованието.Од страна стручниот соработник ,професионалниот напредок на наставниците стекнат преку реализација на обуките, се следи и се евидентира во досиејата за професионален развој на наставниците.

## 6.5. Управување, раководење со училиштето и финансиско работење

Постапките за финансиското работење што се спроведуваат во училиштето се во согласност со законските прописи. Училиштето ги планира финансиските средства и врши правично распоредување според потребите.Финансиските средства се планирани за задоволување на тековните потреби како и за потребите кои обезбедуваат развој на училиштето во целина. Директорот на училиштето спроведува постапки кои обезбедуваат финансиското работење да биде добро спроведувано и контролирано.

Училиштето спроведува транспарентни постапки за трошењето на училишниот буџет, ги информира училишните органи, родителите и основачот за училишниот буџет и трошењето на истиот. Раководниот кадар го консултира училишниот одбор, основачот и наставниот кадар за прашања кои обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределбата на финансиските стредства, но буџетските средства на училиштето не доволно ги отсликуваат образовните цели на училиштето.

# 7.Управувањеи раководење со училиштето

## 7.1.Управување/раководење со училиштето

Управниот орган-Училишниот одбор е составен од 7 члена и (согласно новиот Закон за основно образование) истиот е уредно конститиуран.Во постапката за конституирање нема недоследности во однос на делегирањето на претстваниците на родителите, претставникот од општината. Училишниот одбор добро ја одразува , социјалната, културната средина во која се наоѓа училиштето.

Членовите на Училиниот одбор покажуваа сериозен пристап кон нивните законски ингеренции но,делумно се информирани за ингеренциите на овој орган иза учеството на овој орган во креирањето на политиката на училиштето е недоволна.

Училишниот одбор во неговата работа се водиод Деловникот за работа на УО . Усогласувањето на актите на училиштето со законската регулатива како и сета административно-управна работа се рализира континуирано ,стручно и совесно од страна на секретарот на училиштето.

Раководењето на училиштетоод страна на директорот се заснова на Програма за работа на директорот.

И понатаму останува видлива потребата директорот повеќе од досега да го реализира педагошко- инструктивниот надзор, пропишан и со статутот на училиштето.

Одредени постапки на директорот доведуваат до незаконитости во раководењето,како на пример:при систематизација на работните места.

Соработката на директорот со МОН(ДПИ и БРО),локалната самоуправа како и пошироката оптштествена заедница е добра.

## 7.2. Цели и креирање на училишна политика

Во Годишната програма за работа на училиштето се пропишани целите и задачите на образовната политика,во согласност со државната и локалната образовна политика.За реализација на визијата и мисијата на учиулиштето,вработените и надлежните фактори од локалната самоуправа потребно е да создаваат подобри услови ,на пример, услови за подршката и унапредувањето на физичкото и здравственото унапредување на учениците,еколошкото и хортикултурното уредување на дворот и освежување на ентериерот на училиштето и др.

Наставниот кадар,родителите и учениците делумно се запознаени со целите и вредностите на училипштето,потребно е нивното активно и помасовна во нивната реализација.

Унапредувањето на здравјето на учениците како политика на училиштето е планирана во Годишната програма за работа на училиштето,активностите уредно се евидентирани во дневниците но потребни се подобрување на условите за поголеми постигнувања на овој план.

Во Годишната програма училиштето има планирања на политика за опфат на учениците со посебни образовни потреби,но реализацијата сосема малку соодветствува на реалните потреби на оваа категорија на ученици,поради ограничени финансиски можности на училиштето.

Факторите на училиштето(вработените, родителите и учениците) се запознаени со еколошката програма и во одредена мера учествуваат во креирањето на целите, планирањето на активности, донесувањето на одлуки, како и со начинот на нивното остварување и подобрување.

## 7.3 Развојно планирање

Училиштето потребите за развој ги има идентификувано во развојното планирање за севкупното работење на училиштето за период од четири години .Во Програмата за развој на училиштето определени се мисијата и визијата на училиштето и издвоени се идните активности и приоритети според кои ќе се развива училиштето.

Училиштето планира набавка на материјално-технички средства во согласност со годишните потреби на училиштето и истите,поради финансиски ограничувања, делумно постигнува да ги обезбедува .

# Наоди и препораки

## Јаки страни:

- Училиштето има добри просторни услови за работа.
- Училиштето има изготвено Програма за мултиетничка интеграција во образованието,и договор за партнертво во рамките на проектот со ООУ„Гоце Делчев„с.Велуша,општина Струмица:
- Оптимално користење на просторните капацитети на училиштетоод сите вработени;
- Училиштето има изготвено кодекс на однесување на наставниците и учениците;
- Сите учениците што ја следат наставата во сите паралелки ја завршуваат годината на крајот од учебната година;
- Трудовите на учениците редовно се менуваат посебно во училниците каде се реализира одделенска настава, согласно со целите на наставата и учењето, каде голем број на ученици добиваат можност да има изложен труд;

## Слаби страни

- Недоволна застапеност во планирањата на наставниците, активости предвидени со Програма за„ интеграција на еколошкото образование во образовниот систем на Македонија„;
- Училиштето нема утврдени процедури за следење на планирањата на наставниците ( глобалните тематски и оперативните планирања за наставен час,наставниот процес недоволно се следи од страна на директорот и стручниот соработниk;
- Недоволно се реализираат, наставните часови предвидени за дополнителна и додатна наствава како и од слободните ученички активности;
- Училиштето нема соодветни условиза реализација на предметот Физичко и здравствено образование
- Недоволно употреба на ИКТ-технологијата во наставата и интеракција во наставата
- Недоволна е подршката на наставниците од стручната служба во однос на планирањето и реализација на наставата;
- Не е воспоставен систем на идентификување на потребите на наставниците за професионален развој;
- Одредени наставни предмети се реализираат со несоодветеннаставен кадар;
- Училиштето нема училишна библиотека
- Нема Регистрирано училишен спорски клуб

## Препораки

- ❖ Изготвување на инструменти за следење на реализацијата на активости предвидени со Програма за„ интеграција на еколошкото образование во образовниот систем на Македонија„;
- ❖ Училиштето да утврдени процедури за следење на планирањата на наставниците ( глобалните тематски и оперативните планирања за наставен час ),наставниот процес редовно да биде следен од страна на директрот и стручната служба;
- ❖ Да се води контрола на реализацијата на вкупниот годишен фонд на часови по сите наставни предмети според наставниот план со посебен акцент часовите од дополнителната и додатната настава
- ❖ Училиштето да преземе мерки за создавање на подобри нема условиза реализација на предметот Физичко и здравствено образование
- ❖ Директорот и стручниот соработник да изготват план и динамика за следење на наставта со употреба на ИКТ.
- ❖ Да се зголеми подршката на наставниците од страна на стручната служба во однос на планирањето и реализацијата на наставата;
- ❖ Училиштето да изготви програма за идентификување на потребите на наставниците за професионален развој;
- ❖ Во иднина сите предмети и часови да се покриваат со соодветен наставн кадар.
- ❖ Училиштето во соработка со МОН и локална власт да се потруди да се формира училишна библиотека

| | |
|---|---|
| Раководител на инспекцискиот тим | Хисен Ибрахими |
| член, Инспектор | Џелал Беџети |
| Член , Инспектор | Климентина Трпчевска |